**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Снежана Андреевска**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански суд Скопје**
**и Основен Кривичен суд Скопје**
**Бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 28/5-11**
**тел.02 2463 026**

**Образец бр.66**

**И.бр.1536/21**

Извршителот Снежана Андреевска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница, Пласница од Македонски Брод со ЕДБ 4018999101772 и седиште во с.Пласница,, засновано на извршната исправа Решение НПН бр. 27/18 од 29.05.2018 на Нотар Муамет Шеху, против должникот Трговско друштво за производство, трговија и инженеринг КОМЕЛИНТ Николче ДООЕЛ експорт-импорт Скопје од Скопје со ЕДБ 4030994174968 и седиште на ул.Ѓорче Петров 71/10, за спроведување на извршување, на ден 25.10.2021 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:
- КП бр.46, дел 2, викано место/улица ЗАД РИД, катастарска култура 11000, класа 5, со површина од 1779 $м^2$,
- КП бр.47, дел 2, викано место/улица ЗАД РИД, катастарска култура 11000, класа 5, со површина од 1571 $м^2$

со право на сопственост на должникот КОМЕЛИНТ НИКОЛЧЕ ДООЕЛ Скопје од Скопје со ЕДБ 4030994174968 и седиште на ул. Ѓорче Петров бр.71/10, запишана во имотен лист бр.144 за КО СУВОДОЛ.

Продажбата ќе се одржи на ден 11.11.2021 година во 14:00 часот во просториите на Извршител Снежана Андреевска на адреса бул. Кузман Јосифовски Питу бр.28-5/11 Скопје.

Почетната вредност на недвижноста е утврдена со заклучок на извршителот Магдалена Симовска Давидовиќ И.бр.491/18 од 13.04.2021 година, а согласно чл.185 став 2 од ЗИ, намалена по предлог на доверителот и истата изнесува 638.715,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Налози за извршување.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210065586400209 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број 5032010500238.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Снежана Андреевска

Д.-на: - доверител ПУЦКО ПЕТРОЛ
- должникКОМЕЛИНТ Николче ДООЕЛ Скопје
- Извршител Музафер Хоџиќ
- Град Скопје/Одделение за наплата на даноци и други јавни давачки
- Општина Македонски Брод
- Министерство за финансии - Управа за јавни приходи - Регионална дирекција - Скопје
- Граничари

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.